Најдобрите од вас се оние со најубав карактер.‘“

Абдулах ибн Амр, радијаллаху анхума, рекол: „Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, не бил непристоен и не говорел непримерно,ј велел: ‚Најдобрите од вас се оние со најубав карактер.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Карактерот на Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, не дозволувал да изговара развратни зборови или да се однесува непримерно. Такво нешто не направил никогаш, ниту случајно ниту намерно, бидејќи моралот му беше на највисоко ниво. Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, не поучува дека најдобри кај Аллах се оние кои имаат најдобро однесување, кои прават добри дела, со насмевка на лицето, кои не им причинуваат непријатности на луѓето и во нивното опкружување секогаш се препознатливи по убавиот однос.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5803